# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО
**24.01.2025 год.** **Бр.I**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 56-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 23.01.2025 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 56-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 23.01.2025 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.09-110/1 од 24.01.2025 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 56-та седница, одржана на 23.01.2025 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 55-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 23.12.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).
**Бр.08-70/3 од 23.01.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024 ), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15 и 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21; 173/22 и 170/24), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 87/22), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20; 215/21; 99/22 и 208/24), одредбите на Општиот колектитен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/2023) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот

на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на 56-та седница одржана на 23.01.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2025 година бр.08-1149/6 од 23.12.2024 година, со тоа што во член 9 став 1 алинеја 1 коефициентот „2,35" се менува и гласи „2,08".

**Член 2**

Во член 10 годината „2024" се менува и гласи „2025".

**Член 3**

Во член 16 став 1 зборовите „но не повеќе од 30.000,00 денари" се бришат.

Во член 16 став 2 зборовите „но не повеќе од 15.000,00 денари" се бришат.

Во член 16 став 7 после Д0-Градначалник се додаваат „ програма Н1-Основно образование, Н2-Средно образование, В1-Детски градинки, К-Култура и Ѓ0-Противпожарна заштита".

**Член 4**

Во член 17 став 2 зборовите „во програма Д0-Градоначалник" се брише и се додава „во програма Н1-Основно образование, Н2-Средно образование, В1-Детски градинки, К-Култура и Ѓ0-Противпожарна заштита".

**Член 5**

Во член 18 став 1 програмата „ЕО" се менува и гласи „Е0".

**Член 6**

Коефициентот од член 1 на оваа одлука ќе започне да се применува со исплата на плата за месец февруари 2025 година.

Основицата за пресметување на платата за месец јануари 2025 година е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за 2023 година, според податоците на Државниот завод за статистика.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Крушево", а ќе се применува од 01 Јануари 2025 година.

**Бр.08-70/4 од 23.01.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ" бр.275/19; 82/20; 89/22; 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.01.2025 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на финансискиот План на ЈП "Комуна" Крушево за 2025 година**

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува финансискиот План на ЈП "Комуна" Крушево за 2025 година, бр.05-238/1 од 16.12.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-70/5 од 23.01.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М."

бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на Р.С.М” бр.275/19; 82/20; 89/22; 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.01.2025 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на програмата за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2025 година**

1. Советот на Општина Крушево, ја усвојува програмата за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2025 година, бр.01-237/1 од 16.12.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-70/6 од 23.01.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ’’ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.01.2025 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година, бр.01-62/4 од 15.01.2025 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-70/7 од 23.01.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ’’ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.01.2025 година, го донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Крушево за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Крушево за 2024 година, бр.01-62/3 од 15.01.2025 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина

**Бр.08-70/8 од 23.01.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ’’ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.01.2025 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година, бр.01-62/2 од 15.01.2025 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-70/9 од 23.01.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ’’ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/14, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.01.2025 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2024 година, бр.01-62/1 од 15.01.2025 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-70/10 од 23.01.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 20б. став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 и „Службен весник на РСМ” бр.143/19; 14/20; 302/20; 208/24 и 210/24) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.01.2025 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на изменувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2025 година**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на изменувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2025 година бр.03-64/1 од 16.01.2025 година;

2. Овај заклучок влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-70/11 од 23.01.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), а решавајќи по предлогот за одобрување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Детален урбанистички план за БЛОК 6.4 од ГУП на град Крушево, Општина Крушево, со бр.21-360/3 од 25.12.2024 година, поднесен од страна на Комисијата за урбанизам од општина Крушево од член 38 став 7 од Законот за урбанистичко планирање, градоначалникот на општина Крушево го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Детален урбанистички план за БЛОК 6.4 од ГУП на град Крушево, Општина Крушево**

**На инвеститорот Димитар Христоски, со адреса на живеење на ул. „Манчу Матак“ бр.40, Крушево му се одобрува ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Детален урбанистички план за БЛОК 6.4 од ГУП на град Крушево, Општина Крушево, со тех. бр. 0801-02/23 од март 2024 година, изработена од страна**

**на Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје.**

О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот Димитар Христоски, со адреса на живеење на ул. „Манчу Матак“ бр.40, Крушево, достави барање за одобрување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Детален урбанистички план за БЛОК 6.4 од ГУП на град Крушево, Општина Крушево, со тех. бр. 0801-02/23 од март 2024 година, изработена од страна на Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје.

Кон барањето достави:

1. ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Детален урбанистички план за БЛОК 6.4 од ГУП на град Крушево, Општина Крушево, со тех. бр. 0801-02/23 од март 2024 година, (*dwg* и *pdf*) формат.
2. Геодетски елаборат за посебни намени, Ажурирана геодетска подлога КО Крушево, со дел. бр. 0801-209/1 од 26.12.2022 година, изработен од страна на ДООЕЛ за геодезија и градежништво „ДАЛТА - геоинженеринг“- Прилеп.
3. Записник од 3-тата седница на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Крушево /2023 година/ одржана на ден 18.10.2024 година со бр. 20-1028/6.
4. Предлог за одобрување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Детален урбанистички план за БЛОК 6.4 од ГУП на град Крушево, Општина Крушево, бр.21-360/3 од 25.12.2024 година, поднесен од страна на Комисијата за урбанизам од општина Крушево.

По разгледувањето на приложената документација и предлогот за одобрување од Комисијата за урбанизам на општина Крушево, **се констатира дека се исполнети законските услови за донесување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Детален урбанистички план за БЛОК 6.4 од ГУП на град Крушево, Општина Крушево, со тех. бр. 0801-02/23 од март 2024 година, изработена од страна на Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје и се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението на градоначалникот на општината, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до органот на државната управа надлежен за вршење на работите на уредување на просторот, министерство за транспорт.

**Бр.21-360/4 од 27.12.2024 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), а решавајќи по предлогот за одобрување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Измена и дополнување на ГУП за град Крушево за ГЧ 6 и ГЧ 11, Општина Крушево, со бр.21-359/5 од 25.12.2024 година, поднесен од страна на Комисијата за урбанизам од општина Крушево од член 38 став 7 од Законот за урбанистичко планирање, градоначалникот на општина Крушево го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Измена и дополнување на ГУП за град Крушево за ГЧ 6 и ГЧ 11, Општина Крушево**

На инвеститорот **Општина Крушево**, со адреса на седиште на ул. „Никола Ѓурковиќ“ бр.16А, Крушево му **се одобрува ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Измена и дополнување на ГУП за град Крушево за ГЧ 6 и ГЧ 11, Општина Крушево, со тех. бр. ПРР 031-04-23 од декември 2024 година, изработена од страна на Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД-Скопје.**

О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот Општина Крушево, со адреса на седиште на ул. „Никола Ѓурковиќ“ бр.16А, Крушево, достави барање за одобрување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Измена и дополнување на ГУП за град Крушево за ГЧ 6 и ГЧ 11, Општина Крушево, со тех. бр. ПРР 031-04-23 од декември 2024 година, изработена од страна на Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД-Скопје.

Кон барањето достави:

5. ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Измена и дополнување на ГУП за град Крушево за ГЧ 6 и ГЧ 11, Општина Крушево, со тех. бр. ПРР 031-04-23 од декември 2024 година (*dwg* и *pdf*) формат.
6. Полномошно бр. 21-620/2 од 22.05.2023 година.
7. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени, Ажурирана геодетска подлога КО Крушево, КО Крушево вон град со дел. бр. 0807-14/3-23 од 06.02.2023 година, изработен од страна на ДООЕЛ ГЕО ЛЕНД, со известување за електронска заверка на геодетски елаборат бр.1110-4/2023 од 06.02.2023 год.
8. Записник од 2-рата седница на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Крушево /2023 година/ одржана на ден 18.10.2024 година со бр. 20-1029/6.
9. Предлог за одобрување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Измена и дополнување на ГУП за град Крушево за ГЧ 6 и ГЧ 11, Општина Крушево, бр.21-359/5 од 25.12.2024 година, поднесен од страна на Комисијата за урбанизам од општина Крушево.

По разгледувањето на приложената документација и предлогот за одобрување од Комисијата за урбанизам на општина Крушево, **се констатира дека се исполнети законските услови за донесување на ПЛАНСКА ПРОГРАМА за изработка на Измена и дополнување на ГУП за град Крушево за ГЧ 6 и ГЧ 11, Општина Крушево, со тех. бр. ПРР 031-04-23 од декември 2024 година, изработена од страна на Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД-Скопје и се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението на градоначалникот на општината, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до органот на државната управа надлежен за вршење на работите на уредување на просторот, министерство за транспорт.

**Бр.21-359/6 од 27.12.2024 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 38 став 13 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), Градоначалникот на Општина Крушево го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за утврдување надоместок за членовите на комисијата за урбанизам**

1.Со ова Решение се утврдува месечен надоместок за членовите на Комисијата за урбанизам и тоа:

- Марија Јанкулоска Младеновиќ – диа, претседател, носител на овластување за планер бр.0.0431, паушален месечен износ од 4500,00 ден.
- Катерина Милошевска – диа, со овластување за планер бр.0.0434, паушален месечен износ од 2500,00 ден.
- Илија Беличоски - диа, со овластување за планер бр.0.0431, паушален месечен износ од 2500,00 ден.
- Драгана Куртеска Филипоска – диа вработена во Општина Крушево, паушален месечен износ од 2500,00 ден.

2.Надоместокот од точката 1 на ова решение се обезбедува од Буџетот на Општина Крушево и ќе се исплаќа сметано до 1 јануари 2025 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 38 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), за водење на постапката за изработување и донесување на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место е надлежен градоначалникот на општината.

Согласно став 5 од истиот член градоначалникот на општината, формира комисија за урбанизам на општината, како тело што е задолжено да ги врши стручните работи во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

Согласно став 8 од истиот член, комисијата за урбанизам, постапува по поднесените иницијативи согласно членот 39 од овој закон, ја врши анализата од членот 22 од овој закон, ја предлага планската програма за урбанистичките планови од членот 44 од овој закон, ја организира стручната расправа од членот 49 од овој закон, јавната анкета и јавната презентација од членот 50 од овој закон, дава стручно мислење за нацрт и предлог на урбанистичките планови за кои се води постапка за донесување односно проверува дали со планските решенија се исполнети барањата од планската програма, проверува дали изработувачот на планот ги вградил забелешките од стручната расправа односно од јавната анкета, дава мислење за техничка исправка на урбанистички план од членот 36 од овој закон, учествува во работата на партиципативното тело од членот 46 од овој закон и учествува во постапките за одобрување на урбанистички проекти од членовите 62 и 63 од овој закон и го подготвува извештајот за состојбите во просторот од членот 66 од овој закон.

Согласно став 13 од истиот член, на членовите на комисијата за урбанизам им следува надоместок за учеството во работата на комисијата, кој се обезбедува од буџетот на органот што ја формирал комисијата, што го утврдува градоначалникот на општината, врз основа на обемот и сложеноста на работите што произлегуваат од бројот на одржани седници, бројот на урбанистички планови или други предмети што се во нивна надлежност, густината на населеност и процентот на изграденост во планските опфати што се обработени, значењето односно комплексноста на поединечни зафати и слично.

Согласно наведените законски одредби, ценејќи го обемот и сложеноста на работите што произлегуваат од законот за урбанистичко планирање, бројот на урбанистички планови или други предмети што се во надлежност на комисијата за урбанизам, густината на населеност и процентот на изграденост во планските опфати што се обработени, значењето односно комплексноста на поединечни зафати и слично, се донесе решение како во диспозитивот.

**Бр.09-1206/1 од 31.12.2024 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр.** **стр.**


1.Заклучок за објавување на актите донесени на 56-та седница на Советот на Општина Крушево …. 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 55-та седница на Советот на Општина Крушево ....... 1
3. Одлука за изменување и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2025 година ................................. 2
4. Заклучок за усвојување на финансискиот План на ЈП „Комуна“ Крушево за 2025 година .......... 2
5. Заклучок за усвојување на програмата за работа на ЈП „Комуна“ Крушево за 2025 година ........ 3
6. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Опшина Крушево за 2024 година ................................ 3
7. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година ..................................................................... 3
8. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година ................................................ 4
9. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2024 година ................................. 4
10. Заклучок за давање согласност на изменувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2025 година ............... 4
11. Решение за одобрување на Планска Програма за изработка на Детален урбанистички план за БЛОК 6.4 од ГУП на град Крушево ................. 4
12. Решение за одобрување на Планска Програма за изработка на Измена и дополнување на ГУП на град Крушево за ГЧ 6 ГЧ 11, Општина Крушево ..................................................................... 5

13. Решение за утврдување надоместок за членови на комисија за урбанизам ................................. 6

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.